Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) **Градоначалникот на Општина Гази Баба**, на ден 07.09.2022 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11 Блок 05, Општина Гази Баба - Скопје**, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Гази Баба **www.gazibaba.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ, Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11 Блок 05, Општина Гази Баба - Скопје нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Предмет на интерес на ова планско решение се измени и дополнувања на Блок 05 од градска четврт ЦС 11 кој за прв пат е дефиниран како единица на градежно земјиште со Урбанистичкиот план за четврт ЦС 11, Скопје (Одлука бр.07-2096/1 од 19.02.2015год.), а бил разработен на ниво на деталeн урбанистички план со ДУП за градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр. 09-2755/10 од 20.07.2016).
Деталниот урбанистички план, како плански развоен документ треба да го постигне следното:

- Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;
- Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи од повисоко ниво;
- Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните;
- Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето како необновлив ресурс и системите на инфраструктурата; и
- Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот.

4.Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерство за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 28-3/3250/1
Од 07.09.2022 год.
Скопје

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бобан Стефковски

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11 Блок 05, Општина Гази Баба - Скопје |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | "ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЛ БИТОЛА |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Гази Баба |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Сашко Иванов |
| Назив на работното место | Управител во "ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Битола |
| Контакт податоци за лицето | "Борис Кидрич" бр. 12/16 Битола |

| |
|---|
| |
| **Основни податоци за планскиот документ** |
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Закон за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20)<br>Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, бр. 225/20 и 219/21) |
| **Дали се донесува нов плански документ или се врши измени на постојниот** |
| ДА<br>НЕ x |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| ДУП за градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба, Скопје (Одлука бр. 09-2755/10 од 20.07.2016)<br>Деталниот урбанистички план ќе ги претрпи следните измени и дополнувања:<br>- промена на границите на градежните парцели со усогласување со катастарскиот план (уточнување со границите на катастарските парцели) и планирање на намени согласно плановите од повисоко ниво;<br>- дефинирање на нови површини за градење согласно стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - дефинирање на нови урбанистички параметри (процент на изграденост и коефициент на искористеност) во насока на максимално искористување на вредноста на градежното земјиште, а во согласност со важечката регулатива, без да се намалат стекнатите права со претходниот ДУП и соодветно, планирање на нови инфраструктурни решенија кои произлегуваат од тие промени (вклучително и ново сообраќајно решение). |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да , просторно и урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколу е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5).** |
| Да, Член 3, точка 13, алинеја / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| |

| не |
| --- |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |

| не |
| --- |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Задача на планската документација е изработка на Детален урбанистички план, со која ќе се постигнат следните цели:<br>· Усогласување на Деталниот урбанистички план со плановите од повисоко ниво Генерален урбанистички план на град Скопје и Урбанистички план за четврт ЦС 11, Скопје;<br>· Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;<br>· Дефинирање на сообраќајна инфраструктура - улична мрежа и пристапи до единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат<br>· Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;<br>Според тоа предметниот **Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11 Блок 05, Општина Гази Баба - Скопје**, преставува плански документ за кој не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Просторно и урбанистичко планирање |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 5 (пет) години |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години?** |
| По истекот на пропишаниот плански период. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Границата на плански опфат на деталниот урбанистички план се совпаѓа со граница на Блок 05.<br>Границата на плански опфат се движи по следните граници:<br>- Север - осовина на сервисна улица „С4“ |

| |
|---|
| - Исток - осовина на сервисна улица „С6"<br>- Југоисток – осовина на собирна улица „Индустриска 1"<br>- Југозапад - осовина на градска магистрала „бул. АСНОМ"<br>- Северозапад - осовина на собирна улица „16 та Македонска Бригада" |
| Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува **13,09 ха.** |

| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| ДА Х<br>НЕ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| ДА Х<br>НЕ |

| |
|---|
| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br><br>Со Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба - Скопје, а согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20 и 219/21) и класификацијата на намените, поедниечните намени на градежните парцели ги добиваат следните ознаки:<br>**А1** - домување во куќи<br>**А2.2** станбено-деловни згради<br>**В1.1** - основно образование<br>**В2.8** - детска градинка<br>**В3.2** - театар<br>**Д1** - парковско и пејзажно зеленило<br>**Д2** - заштитно и сообраќајно зеленило,<br>**Е1.1** - сообраќајни патни инфраструктури<br>**Е1.8** - инфраструктури за пренос на електрична енергија<br>Се претпоставува дека нема да има негативни влијанија врз животната средина со донесувањето на Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје. |

| | |
|---|---|
| | Зголемувањето на степенот на искористеност на земјиштето и изградба |

| | |
|---|---|
| | на сообраќајната инфраструктура и комуналните системи ќе овозможи подобар квалитет во живеењето и работењето односно повисоки стандарди на урбанизираниот простор за сите корисници.<br>Меѓутоа, веројатноста е дека со усвојувањето на Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба - Скопје, нема негативни влијанија врз животната средина, како во фазата на градба,така и во фаза на експлоатација на планираните објекти.<br><br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисија на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата- директни и индиректни, емисии на бучава, отпад и влијание врз флората и фауната ), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br><br>Влијанијата кои ќе се јават во фаза на експлоатација на објектите се проценуваат како незначајни со долгорочен карактер. |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Изградбата на планираните содржини на предметниот урбан зафат ќе има комулативно влијание врз животната средина, но не многу значајно а кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух, поради зголемената фреквенција на возила и испарувањата, како и зголемувањето на количеството на создаден отпад, како комунален , така и на други видови на отпад.<br>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| | |

| | |
|---|---|
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | При изградба и експлоатација на предвидените содржини во рамките на планскиот опфат, постои ризик по здравјето на луѓето и животната средина од евентуално предизвикани пожари и хаварии и за истите се предвидуваат мерки за заштита. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Границата на плански опфат се движи по следните граници:<br>- Север - осовина на сервисна улица „С4“<br>- Исток - осовина на сервисна улица „С6“<br>- Југоисток – осовина на собирна улица „Индустриска 1“<br>- Југзапад - осовина на градска магистрала „бул. АСНОМ“<br>- Северозапад - осовина на собирна улица „16 та Македонска Бригада“<br>Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува **13,09 ха.** |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предзивикал планскиот документ како што се:** | |
| Предвидениот концепт се надоврзува на намените што ги предвидуваат важечките плански документации – Генералниот урбанистички план на Град Скопје и Регулацискиот план на ГУП на град Скопје 2012-2022. | |

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Просторот дефиниран за изработка на Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Гази Баба, Скопје.
Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на блок ЦС 11.05, како што е одредена со Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт ЦС 11. Истата се движи како што следи:

- Север - осовина на сервисна улица „С4“
- Исток - осовина на сервисна улица „С6“
- Југоисток – осовина на собирна улица „Индустриска 1“
- Југзапад - осовина на градска магистрала „бул. АСНОМ“
- Северозапад - осовина на собирна улица „16 та Македонска Бригада“

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На предметниот локалитет не е евидентирано културно наследство |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Земјиштето на кое ќе се градат објектите претставува градежно земјиште,кое што нема можност за друга употреба. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Планскиот документ кој ќе се спроведува има законска рамка и со него се планираат условите за градба на објектите.

**Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резеденцијални проекти):**

Не се очекува предметните објекти за градење, да имаат негативно влијание врз околните објекти доколку се спроведат сите мерки кои ќе бидат предвидени во планската документација, ниту пак се очекува објектите кои е можно да се градат во непосредното опкружување да влијаат негативно врз објектите кои се планирани да се градат во рамките на Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови).**

Донесувањето на Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје, ќе има влијание но не значително а кое се огледа во следните области од животната средина :
-воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметните локалитети и начинот на загревање. Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот;

-бучава- и во фаза на реализација на планот, како и во фаза на експлоатација се очекува зголемено ниво на бучава на предметниот локалитет, не се очекува значајно негативно влијание врз животната средина;

-отпад- во фаза на реализација и експлоатација на содржините предвидени во рамките на урбаниот зафат се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина ( почва,подземни води, воздух итн.);

-флора и фауна - негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни. Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна,ендемични и загрозени видови,како и карактеристични живеалишта.

Од аспект на одржливост, донесувањето на Измена и дополнување на ДУП за градска

четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје, позитивно ќе влијае врз:

- √ обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот,
- √ зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст,како и
- √ зголемување на нивото на животен стандард во општината.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:

-загадување на површинските и подземните води (доколку не се придржуваат инвеститорите до предвидените проекти водоводна мрежа, фекална и атмосверска канализација);

-зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација);

-зголемување на количината на продуциран отпад (како во фаза на реализација, така и во фаза на експлоатација на објектите предвидени во планскиот опфат);

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерхијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот планскио документ и другите планските документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Развојните стратегии за Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје, произлегуваат од Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт ЦС 11, каде јасно се дефинирани специфичните услови за планирање и развој на просторот за Блок ЦС 11.05, кој претставува основна единица за детално планирање.

Исто така изработката на Измена и дополнување на Детален урбанистички план Градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба, Скопје, има допирни точки со:

- Демографски и економски-социјален профил на Општина Гази Баба 2009 година;
- Стратегија за ЛЕР на Општина Гази Баба 2013-2016 година;
- Локален акционен план за животна средина ( ЛЕАП ) на Општина Гази Баба 2014-2019 година.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување.**

| | |
|---|---|
| **Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Има изработено и прифатено Неспроведување на стратегиска оцена за влијанието на животната средина за ДУП за градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба Скопје. | |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Не се спроведува стратегиска оценка на планскиот документ. | |
| **ИЗЈАВА** | **Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br>Бобан Стефковски |

| | |
|---|---|
| Бр. 28-3/3250/2<br>Датум: 07.09.2022 год.<br>Место: Скопје | м.п |




ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСК[...]
ЧЕТВРТ ЦС 11, БЛОК 05,
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА – СКОПЈЕ

ПЛАНСКА ПРОГРАМА

13.09 ха

РУЖА НА ВЕТРОВИ

ИВАНОВ

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПЛ[...]
ОПФАТ

0801-02-02/22 | 03.2022

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT System certification ISO 9001:2015 CERTIFIED
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**Одделение за урбанистичко планирање**
**Бр. 28-3/3250/3 од 07.09.2022 година**
**СКОПЈЕ**

**До**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Сектор за оддржлив развој**
**Одделение за оддржлив развој**
**Скопје**

**Предмет:** Доставување на Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена на животната средина за **Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје, плански период 2021-2026 год.**

Почитувани,

Во согласност со член 65, точка 12 од Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 65/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16), Ви ја доставуваме Одлуката за неспроведување постапка за Стратегиска оцена на животната средина за **Измена и дополнување на ДУП за градска четврт ЦС 11, Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје,** и пропратната документација за проценка на потребата од спроведување СОЖС, врз основа на која е донесена горе споменатата Одлука.
Со почит,

Прилог:

1. Одлука,
2. Формулари за потреба од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена на животната средина,
3. Цели на Општината

Раководител на сектор

Благица Блажевска, диа

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ